# З А П И С Н И К

Од Јавна расправа по
Студијата за оценка на влијание врз животната средина за :
Проект: надградба на коридор 10, Автопат Е-75
Делница: Демир Капија - Смоквица

На ден 25.07.2008год. (петок) во Пионерскиот дом "Јосип Броз Тито" , Гевгелија се одржа втората јавна расправа по Студијата за оцена на влијанието врз животната средина за коридорот 10, делница : Демир Капија - Смоквица . Јавната расправа започна во 18.15 часот , на која присуствуваа:

- Зоран Бошев - Раководител на одделение за оценка на влијание врз животна средина, Министерство за животна средина и просторно планирање;
- Билјана Маневска - Носител на изготвувач на студијата за оцена на влијание врз животната средина, Градежен институт Македонија;
- Дарко Спироски - Раководител на сектор за ЕУ, Министерство за транспорт и врски;
- Магдалена Стојанова - Фонд за магистрални и регионални патишта;
- Билјана Спироска - Советник во оценка на влијание врз животната сренина, Министерство за животна средина и просторно планирање - записничар;
- Влатко Цветаноски- Советник во оценка на влијание врз животната сренина, Министерство за животна средина и просторно планирање;
- Дејана Наумчевска - Помлад соработник за водење и следење на подрачја со посебно значање, Министерство за животна средина и просторно планирање;
- Преставници на локалната самоуправа Гевгелија;

Јавната расправа се одвиваше по следниот дневен ред:

1.Отварање.

Втората јавната расправа по Студијата за оцена на влијание врз животната средина ја отвори Зоран Бошев, кој во своето излагање ја објасни постапката за ОВЖС, потребата за спроведување на постапка за оцена на влијание врз животната средина, потребата за изготвување на Студија за оцена на влијание врз животната средина. Ја потенцираше законската обврска за учество на јавноста по Студијата за оцена на влијанието;

2. Излагање на претставник од Фонд за магистрални и регионални патишта, Магдалена Стојанова - За целосно комплетирање на автопатот Е-75 преостанати се две делници: Табановце - Куманово и Демир Капија - Смоквица. За делницата Демир Капија - Смоквица обезбедени се финансиски средства од донации од хиперпрограмата на Грција, грантови средства и ИПА фондовите на Европската Унија. Ја образложи поволноста на алтернативата Б која поминува десно од реката Вардар;;

3. Билјана Маневска - Ја изврши презентацијата на студијата , со објаснување дека во проектот постојат две алтернативни решенија (алтернатива А и алтернатива Б) .Алтернативата А (32.8км) поминува лево од р.Вардар, додека алтернативата Б (27.8км) поминува десно од р.Вардар и опфаќа низински постор. Во Студијата за ОВЖС која се изработуваше за варијанта Б беа земени во предвид сите расположливи параметри како во изградбата така и за експлоатација на автопатот. Варијантата Б ги заобиколува десетте пештери кои се наоѓаат од двете страни на р. Вардар и заштитен е белоглавиот орел;

4. Дискусија

- Благој Динолов - сообраќаен инжинер. Побара објаснување од која страна на р. Вардар ќе поминува и колку метри од страна ке зафаќа. Даде забелешка дека се уништува доста обработлива површина и дека е потребно е да се одржуваат повеќе јавни расправи низ засегнатото подрачје. Билјана Манеска одговори дека автопатот се наоѓа на лева страна од клисурата, десна страна од Давидово, Миравци, Милетково,а дека зафаќа само 10% од приватна сопственост,а 90% се државно земјиште. Во однос на одржувањето на повеќе јавни расправи Зоран Бошев одговори дека беше објавено на локална телевизија, во деневен весник и на интернет , сите заинтересирани може да присуствуваат, а технички не беше возможно да се одржи во Миравци;

- Ана Чолович Лешеска, Невладина организација “Еко Свест” - Ги коментираше двете точки на картите кои се можни археолошки локалитети.Дали до колку се наиде на археолошки локалитет ќе се преземат заштитни мерки? Исто така даде и забелешка за употребувањето на зборот незначително влијание кои се среќава во Студијата. Од страна на Билјана Манеска и беше одговорено дека на тие точки постојат индикации за археолошки локалитети, па доколку се наиде на наоѓалиште ќе бидат превземени сите мерки за заштита на локалитетот.

- Јованка Дојранлиева, МТВ - За колкава површина на експропријација станува збор? Од вкупната површина 10% е подложно на експропријација - Билјана Маневска

- Сузана Паласкарова, градежен инспектор, општина Гевгелија -Даде коментар за тоа дека и од градежен аспект е подобра варијанта Б, констатираше дека загадувањето од градба е помало во однос од загадувањето во текот на експлоатација. Дали ќе биде нарушена комуникацијата на животните во

текот на експлоатација? И беше одговорено дека е обрнато внимание на тоа и дека има пропусти за да можат да поминуваат влекачи.

- Славко Поласкалов, инспектор на Министерство за транспорт и врска - Даде забелешка за трасата која пред дестина години била доставена на увид поточно за клучката која била оддалечена 3 м од првата куќа во с . Смоквица, на што било реагирано. Дали е изменета трасата и дали се води грижа за тоа? Билјана Маневска додаде дека картите се на увид и трасата може да се види, а во однос на трасата пред дестина години додаде дека оваа е изменета и се води грижа за бучавата.

- Благој Динолов - сообраќаен инжинер. Неговиот втор коментар беше затоа што е предвиден само еден надвозник .

- Ѓорѓи Пламатаров -жител од с. Смоквица- Дали е предвиден звучен зид кај засегнатите куќи. Беше одговорено дека сите мерки за заштита од бучава ќе бидат превземени.

- Сузана Паласкарова, градежен инспектор, општина Гевгелија - Дали е земена во предвид канализацијата на с . Смоквица. Ако е во проектна фаза ќе биде вклопена во решението одговори Билјана Манева.

Втората јавна расправа по Студијата за оцена на влијание врз животната Средина за надградба на коридор К - 10 заврши во 19.40 часот, со можност сите забелешки и сугестии да бидат доставени во најкраток рок.

**Записничар:**

**Билјана Спироска**

**Проверил:**

**Зоран Бошев**